26477

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKA RADNA ORGANIZACIJA
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-603-15330
DEVIZNI RAČUN KOD BEOBANKE 60811-620-16-320000-011-00674
Isečak iz lista
Newspaper cutting НОВА МАКЕДОН[ИЈА]
СКОП[ЈЕ]
1. VI. 1980, 11981, 10,



Мерсад Бербер: Препнат коњ, 1979, цртеж

ИЗЛОЖБИ

# ДОЛОВЕНИ СОВРЕМЕНИТЕ ДОСТРЕЛИ

**• (Кон Современата ликовна уметност на Босна и Херцеговина во Музејот на современата уметност во Скопје)**

Изложбата Современа ликовна уметност на Босна и Херцеговина доаѓа како реципрочна ликовна манифестација на изложбите Современа македонска уметност во 1969 и 15 Современи македонски уметници во 1979 година, организирани во Босна и Херцеговина. Организаторите се погрижиле да нѐ информираат за современите движења во ликовната уметност на Босна и Херцеговина низ еден поширок преглед што ги опфаќа главно веќе афирмираните автори од средната генерација, а претставата се заокружува со учеството на голем број млади и најмлади уметници, кои сѐ посигурно го наметнуваат своето присуство во ликовниот живот на оваа република.

Иако нецелосна, што впрочем, и не е цел на организаторите, изложбата претставува солидна целина од која може да се согледа главното и најактуелното што се создава во оваа република. Босанско-херцеговските уметници не ретко прават успешна синтеза на традицијата со модерното сфаќање и приод кон уметноста по што и се препознаваат. Во делата на презентираните уметници се одразени главните текови на современата босанско-херцеговска уметност во последните две децении. Вие употребуваат класични ликовни средства и традиционални ликовни дисциплини. Меѓутоа, тоа не им пречи да ја збогатат и „осовременат" ликовно-естетската и содржинска страна на своите дела. Сликарството има најмногу свои претставници, потоа графиката, скулптурата и цртежот. Треба да се каже и тоа дека на оваа изложба отсуствуваат понови експерименти и т.н. „нова авангарда", но сепак, може да се сретнат извесни елементи на концептуализам и слично, во рамките на т.н. „нова традиција". На изложбата преовладува она што може да се нарече свртеност кон традицијата, со доза на носталгичност и тоа во стилски распон од новата и експресионистичката фигурација преку неоромантизмот до радикалниот реализам и хиперреализмот.

Во делата на некои уметници се присутни искуствата и влијанијата на фотографијата. Во овој контекст на новите видови на фигурацијата можат да се наведат остварувањата на следните автори сликари и графичари: Мерсад Бербер, Борислав Алексиќ, Ратко Лалиќ, Исмар Мујезиновиќ, Салим Обралиќ, Младен Солдо, Миливоје Унковиќ, Владимир Познановиќ, Нусрет Пашиќ, Мирко Мариќ, Фрањо Ликар, Ибрахим Љубовиќ и други.

На изложбата се среќаваат и претставници на нефигуративното изразување со извесни модификации и понови искуства на геометриската и лирската апстракција. Тоа се следните уметници: Мурадиф Керимагиќ, Томислав Дугоњиќ, Беќир Мисирлиќ, Един Нуманкадиќ, Љубомир Перчинлиќ, Радослав Тадиќ, Петар Валдег и Мехмед Заимовиќ, кој е приврзаник на асоцијативни, орнаментални форми.

Во скулптурата доаѓа до израз рустичната поедноставена и апстрактна форма како и асоцијативниот и реалистичкиот пристап (Бошко Куќански, Љупко Антуновиќ, Лука Илиќ и други).

На крајот да ја подвлечеме уште еднаш потребата од што почести вакви среќавања, размена на искуства и заемно меѓусебно запознавање.

*В. Величковски*